ии895

ВТОРНИК 27 ОКТОМВРИ 1998 ГОДИНА

КОЛ

НОВА МАКЕДОНИЈА , 18527 , 13 ,

*ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „КРАТОВО '98"*

# Старата архитектура – ликовна инспирација

**● Во Домот на културата „Кочо Рацин" во Скопје изложени се 40 слики во разни сликарско-графички техники, чии автори се ученици од основните училишта во Република Македонија**

Во Домот на културата „Кочо Рацин" во Скопје, деновиве се изложени ликовните творби од Детската ликовна колонија Кратово '98. На сите 40 слики, изработени во разни сликарско-графички техники, инспиративно е претставена староградската-кратовска архитектура.

– Ова е традиционална ликовна колонија, а годинава се одржа по петти пат – ни рече **Александар – Цане Јанкулоски,** уметнички раководител на Детската ликовна колонија Кратово.– Учениците од разни основни училишта во Република Македонија, во Кратово престојуваа седум дена во текот на јуни оваа година, каде што по свој избор на белиот лист хартија сликаа разни интересни објекти од старата архитектура на овој град.

Доделени беа и повеќе награди за најуспешни меѓу сите успешни ликовни творби. **Александар Филев** од Струмица доби специјална награда, а двете први ги освоија ликовните творби на **Ангел Миов** од Гевгелија и **Никола Пијанманов** од Струмица. **Оливера Баткова** од Куманово и **Александар Сарпанов** од Штип се добитници на двете втори награди, а двете трети ги освоија **Милка Јакимова** од Кратово и **Дејан Божиновски** од Куманово.

Како што бевме информирани, од идната година оваа традиционална Ликовна колонија, која што ги стимулира ликовните таленти од основните училишта, ќе биде меѓународна.

**Н. П.**